# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 1 година XXVI
Скопје, март 2013 г.

# 50 години

## ја пренесуваме пораката на лицата со интелектуална попреченост

www.poraka.org.mk

## СОДРЖИНА

2 страна
*Одбележување на јубилеј*

3 страна
*Поднесени две иницијативи до Уставниот суд*

4 страна
*Активности во рамките на "Активни граѓани"*

5 страна
*Истражување во однос на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост*

6 и 7 страна
*Резолуција кон Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост*

8 и 9 страна
*Предизвици при имплементација на развојните политики*

10 страна
*Активности на ЕАСПД*

11 страна
*Светски ден на Даунов синдром*

12, 13, 14 и 15 страна
*Социјални активности на дневните цетри и социјалните клубови*

16 страна
*Наша страница*
*Продолжува соработката со ФЛУ*

*"ПОРАКА"*
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Март 2013 год. Број 1, год. XXVI**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

***Актуелно***

# Одбележување на јубилеј

## 50 години активно делување на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Во 2013 година се навршуваат 50 години на активно делување на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.**

**РЦПЛИП – ПОРАКА е оформен на 3-ти Јуни 1963 година, како Сојуз на друштва за помош на ментално ретардирани лица на Македонија. Во 1998 година го менува називот во Републички центар за помош на лица со ментален хендикеп – ПОРАКА, а во 2003 година го добива називот кој го носи до денес - Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.**

**Во изминатите 50 години, РЦПЛИП – ПОРАКА, како матична организација на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија, е носител на бројни иницијативи чија цел е создавање на општество во кое сите лица со интелектуална попреченост и нивните семејства ќе имаат достоинствен живот.**

**Како мрежа од локални организации низ целата држава, водена од посветени професионалци и родители на лица со интелектуална попреченост, РЦПЛИП - ПОРАКА придонесува во креирањето на сите позначајни закони, политики и програми во Република Македонија кои се однесуваат на човековите права на лицата со интелектуална попреченост и нивното остварување на национално и на локално ниво.**

**Големиот број на успешно реализирани редовни програмски задачи, посебни програми, проекти и оформени сервисни служби, говорат за делувањето и функционирањето на РЦПЛИП – ПОРАКА како важен чинител во процесот на изедначување на можностите на лицата со интелектуална попреченост.**

**Развојниот пат на РЦПЛИП – ПОРАКА од половина век е секако нешто што е достојно за почит. Поради тоа, во 2013 година РЦПЛИП – ПОРАКА ќе преземе активности со кои соодветно ќе биде одбележан овој голем јубилеј. Целта на овие активности ќе биде да се афирмираат постигнувањата, како основа за понатамошна успешна работа.**

**Исто така, во рамките на одбележувањето на јубилејот, а како своевидно заокружување на 50-годишното делување, РЦПЛИП - ПОРАКА подготвува неколку значајни активности како што се: истражување и анализа за состојбите во Република Македонија во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, иницијативи за оформување на пилот сервисна служба за рана интервенција и иницијатива за оформување на уште еден дневен центар за адолесценти и возрасни лица со интелектуална попреченост во Скопје.**

# Унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост

# Поднесени две иницијативи за оценување на уставноста на делови од Законот за социјална заштита

На 21.02.2013 година, членките на мрежата за заштита од дискриминација до Уставниот суд на Република Македонија поднесоа две иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредени членови од Законот за социјална заштита, кои се однесуваат на остварување на правата на лицата со интелектуална попреченост.

Иницијативите беа подготвени од страна на РЦПЛИП - ПОРАКА, а како подносители на иницијативите кон РЦПЛИП - ПОРАКА се приклучија сите 7 организации - членки на мрежата за заштита од дискриминација.

**Основата на двете иницијативи е содржана во Уставот на Република Македонија, кој предвидува гаранција за правото на помош на немоќните и неспособните за работа граѓани, а на лицата со попреченост обезбедување на посебна заштита и услови за нивно вклучување во општествениот живот. Уставот на Република Македонија ја гарантира социјалната заштита, социјалната сигурност и социјалното осигурување, како права кои важат за секого, секогаш и секаде. Гаранциите на Уставот се дека овие права се сеопфатни, достапни и ефективни за своите граѓани под еднакви услови и без било каков дискриминаторски основ.**

Првата поднесена иницијатива се однесува на оценување на уставноста на член 84-а од Законот за социјална заштита, кој одредува **додатокот за мобилност** да е достапен за лице над 26-годишна возраст со 100% телесен инвалидитет и лице со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој коешто без помош на инвалидска количка не може да ги задоволи основните животни потреби.

***Целта на иницијативата е да се овозможи користење на додатокот за мобилност за лица со 100% телесен инвалидитет и за лица со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој кои не можат да ги задоволат основните животни потреби, без разлика на нивната возраст и без притоа истите да бидат условени со користење на инвалидската количка, како услов и помагало за задоволување на основните животни потреби.***

Оспорените делови од членот 84-а на Законот се противуставни и истите ги ставаат лицата со попреченост, поточно лицата со интелектуална попреченост во нееднаква положба. На ваков начин, законодавецот преку Законот за социјална заштита ги стеснува и предвидува ограничување и условување на пропишаните права во Уставот, односно остварувањето на додатокот за мобилност го ограничува со возраста, а во исто време и го условува со користењето на инвалидска количка.

Со втората поднесена иницијатива членките на мрежата се осврнуваат на три спорни члена од Законот за социјална заштита (член 72, став 2, член 73, член 74, став 1 и 2) кои се однесуваат на остварувањето на правото на **паричен надоместок за помош и нега од друго лице** и кои определуваат овој паричен надоместок да го користат лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост во поголем обем, а лицата со умерена интелектуална попреченост во помал обем.

***Целта на иницијативата е да се овозможи користење на правото на овој паричен надоместок во поголем обем и за лицата со умерена интелектуална попреченост****, со што би дошло до постапување со ист третман, по ист аршин кон сите лица со интелектуална попреченост, без разлика на обемот на потребата за помош и нега од друго лице.*

Оспорените членови на Законот се противуставни и истите ги ставаат лицата со умерена интелектуална попреченост во нееднаква положба со другите лица. На ваков начин, Законот ги стеснува, предвидува ограничување и делење на пропишаните права во Уставот според степенот на пречките во менталниот развој, односно условување на остварувањето на правото на помош и нега од друго лице со обемот на потребата за помош и нега од друго лице. Во финансиска смисла, тоа резултира со намален износ на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице за лицата со умерена интелектуална попреченост.

*Мрежата за заштита од дикриминација беше воспоставена во декември 2010, а е сочинета од следните организации: Фондација отворено општество – Македонија; Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА); ХОПС - Опции за здрав живот; Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија (ЕСЕ); Рома СОС; Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА. Оваа мрежа има за цел да развива стратегиско застапување во случаи на дискриминација преку поднесување предмети пред Комисијата за заштита од дискриминација и пред домашните и меѓународните судови. Развојот на домашната практика е поттикната преку обезбедување бесплатна правна помош во стратегиски случаи на дискриминација.*

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамките на програмата “Активни граѓани”

# Конференција “Зајакнување на капацитетот за заеднички апликации за финансирање и развивање на програма како оставина на Активни граѓани”

**На Конференцијата учество зедоа 60-тина претставници од 15 земји, кои застапуваат широк опсег на организации кои работат со различни предизвици во општеството. Целта на настанот беше да се направи мрежа на организации, да се истражат можности за партнерство и заедничко развивање на проектни концепти, со што би се овозможило градење на иден конзорциум за заеднички предлози за финансирање.**

Активни граѓани е програма на Британскиот совет во областа на интеркултурниот дијалог и глобалното граѓанство која започна да се спроведува во 2009 година. Оваа програма се спроведува во 20 земји од Европа и во 8 земји во Африка и Азија. Програмата има за цел да придонесе за социјалната промена и одржлив развој и ги поддржува локалните иницијативи, а воедно промовира и кохезија во заедницата и меѓукултурно разбирање.

Во Македонија програмата Активни граѓани се реализираше преку обуки на наставниот кадар во основните училишта, претставници од граѓанскиот сектор и претставници од општините со цел запознавање со концептот Активно граѓанство, поттикнување на духот на активни граѓани кај жителите во општината и нивното делување во истата. Фокусот на темите беше ставен на еднаквоста и разноликоста, односно доближување на концептот за еднакви можности и разноликост. Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА учествуваше во оваа програма и заедно со здружението “Отворете ги прозорците” и Општина Карпош реализираа низа активности под мотото “ПОРАКА: Отворете ги прозорците за општина без дискриминација”. Но, иако во Македонија програмата заврши со реализација во 2012 година, во дел од останатите земји таа се уште се спроведува.

Поради тоа, Британскиот совет повторно го покани РЦПЛИП – ПОРАКА да учествува на настан кој се одржа во Лвив, Украина. Настанот се одржа во периодот од 17-ти до 20-ти февруари 2013 година на тема Активни граѓани за меѓународно партнерско вмрежување: Зајакнување на капацитетот за развивање на заеднички апликации за финансирање и за развивање на програма која е оставина од Активни граѓани. На настанот учество зедоа 60-тина претставници од 15 земји, кои застапуваат широк опсег на организации кои работат со различни предизвици во општеството. Целта на настанот беше да се направи мрежа на организации, да се истражат можности за партнерство и заедничко развивање на проектни концепти, со што би се овозможило градење на иден конзорциум за заеднички предлози за финансирање.

Работната програма на настанот започна со претставување на организациите кои учествуваа на конференцијата. Секоја организација имаше можност да се претстави преку флаери, брошури, видео презентации на сопствени активности, кои ги поставуваше на сопствен штанд, а сите учесници пак можеа меѓусебно да разменат информации за работата и активностите на организациите, да споделат искуства, најдобри практики. Следеа активности кои придонесоа за меѓусебно истражување на полиња на заеднички интерес за дејствување и споделување на искуства и знаења, за денот да заврши со првично идентификување на проектни идеи кои би можеле да прераснат во заедничка апликација за финансирање.





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамките на програмата “Активни граѓани”

Вториот ден започна со презентација на програмите и фондовите со кои располага Европската унија. Воедно се искористи презентацијата да се прикаже кои земји можат да учествуваат во различните програми. Презентацијата заврши со кратко објаснување за начинот на аплицирање за европските фондови. По оваа презентација се започна со развивање на предлог идеи за евентуални потенцијални партнерства за заеднички проекти. Денот заврши со интеркултурен пазар, на кој учесниците имаа можност да ги претстават земјите од кои доаѓаат. Оваа активност претставуваше уште ден дел од интерактивниот пристап во целиот настан, а имаше за цел запознавање на различните култури и традиции на нашите земји.

На последниот ден од настанот се презентираа различните проектни идеи на формираните групи и можностите за евентуално понатамошно развивање на проектните идеите.

Во завршниот дел од програмата, учесниците потврдија дека Конференцијата во целост ги постигна очекуваните резултати, односно се идентификуваа различни можности за ЕУ финансирање, и се истражија одреден број на теми за заеднички понатамошни активности, а истовремено се зголеми и нивото на меѓународното вмрежување и партнерство меѓу организациите.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Истражување за состојбите во Република Македонија во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

Како посебен дел од програмските активности насочени кон остварување на човековите права преку унапредување на законските можности, РЦПЛИП – ПОРАКА започна со спроведувањето на **истражување и анализа за состојбите во Република Македонија во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.**

Дизајнот на методолгијата на истражувањето е заснован на квалитативни и квантитативни методи за прибирање на потребните податоци:

- Податоци за законодавството во Република Македонија, обезбедени преку анализа на законските акти, со цел за селективно прикажување на правата на лицата со интелектуална попреченост, споредено со одредбите од Конвенцијата.
- Податоци од официјално и неофицијално промовираните документи кои се однесуваат на проблематиката на интелектуалната попреченост во Република Македонија, добиени од ресорните министерства, Државниот завод за статистика и од други релевантни институции и организации.
- Интервјуа со фокусни групи составени од претставници на локални организации на РЦПЛИП – ПОРАКА, со цел да се разбере и да се процени состојбата во која живеат лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија од повеќе аспекти.
- Интервјуа со родители, лица со интелектуална попреченост кои имаат капацитет за комуникација (самозастапници) и членови на семејства, во локалните организации. Притоа, ќе се користи прашалник кој ќе биде подготвен според структурата на Конвенцијата.

**Анализата на податоците од истражувањето ќе содржи приказ на реалните состојби и препораки за унапредување на истите. Истата ќе биде публикувана во форма на извештај и ќе се употребува како инструмент за лобирање пред институциите кои се одговорни за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост. Извештајот ќе биде дистрибуиран и ќе биде промовиран пред сите релевантни фактори, со презентација на основните насоки и предлог-мерки за унапредување на законската регулатива и начинот на нејзината реализација.**

Во декември 2013 година се навршуваат две години од ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Тоа значи дека Република Македонија е должна да изготви сеопфатен иницијален извештај за имплементацијата на Конвенцијата во првите две години од ратификацијата и истиот да го поднесе до Комитетот за правата на лицата со попреченост во Обединетите нации .

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА активно ќе учествува во овој процес и ќе пружи поддршка на надлежните органи во изготвувањето на извештајот. Исто така, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе ја искористи можноста да поднесе алтернативен извештај (“извештај во сенка”) со свои согледувања за напредокот во спроведувањето на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата. Притоа, основа за тој извештај ќе бидат наодите од тековното истражување кое РЦПЛИП - ПОРАКА го спроведува во соработка со своите локални организации.

## Активности на Обединетите нации

# Резолуција кон Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и на Факултативниот протокол

**Генералното Собрание на Обединети нации во периодот 2012 – 2013 година ја одржува својата 67-ма сесија. Во делот од агендата кој се однесува на промоцијата и заштитата на човековите права: имплементација на инструментите за човекови права, по предлог на државите членки Мексико, Нов Зеланд и Шведска се донесе резолуција, која се однесува на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и на Факултативниот протокол кон неа.**

Генералното Собрание,

*Потсетувајќи се* на претходните релевантни резолуции, најскорешната од нив беше резолуцијата 66/229 од 24-ти декември 2011 година, како и релевантните резолуции на Советот за човекови права, Комисијата за социјален развој и Комисијата за човекови права,

*Поздравувајќи* го фактот дека, од отворањето за потпишување на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и Факултативниот протокол кон неа на 30-ти март 2007 година, сто педесет и четири држави ја потпишале, а стодваесет и пет држави ја ратификувале Конвенцијата, додека пак деведесет држави го потпишале, а седумдесет и пет држави го ратификувале Факултативниот протокол, и една регионална организација за интеграција ја ратификувала Конвенцијата,

*Забележувајќи* дека, и покрај тоа што Конвенцијата за правата на лицата со попреченост имала многу високо ниво на ратификација во краток временски период, Комитетот во моментот се состанува само на една сесија што трае една недела и една сесија што трае две недели во текот на целата година, и забележувајќи, во особени случаи, членови на Комитетот може да имаат потреба од разумно прилагодување, како што е дефинирано во Конвенцијата,

*Забележувајќи исто така*, дека трошоците за документи и превод за извештаите на државите потписнички го сочинуваат најголемиот дел од буџетот на Комитетот,

*Потсетувајќи се* на своите резолуции 66/254 од 23-ти февруари 2012 година и 66/295 од 17-ти септември 2012 година за меѓувладиниот процес на Генералното собрание за зајакнување и подобрување на ефективното функционирање на системот на договорот за човекови права, и прифаќајќи во таа насока, дека долгорочно решение на проблемот од зголемен број на извештаи на државите потписнички на Конвенцијата за правата на лица со попреченост може да се најде во овој контекст,



1. *Ги повикува* оние држави кои се уште тоа не го сториле да размислат за потпишување и ратификување на Конвенцијата и Факултативниот протокол како прашање од приоритет;
2. *Го поздравува* одржувањето на петтата сесија на Конференцијата на државите потписнички на Конвенцијата, која се одржа во септември 2012 година;
3. *Исто така ја поздравува* работата на Комитетот за правата на лица со попреченост, и ги охрабрува одржливите напори од страна на Комитетот за подобрување на ефикасноста на сопствените методи за работа;
4. *Ги поканува* државите потписнички да се придржуваат до ограничувањето на страниците кое го постави Комитетот во однос на извештаите на државите потписнички, со што би се намалиле оперативните трошоци на Комитетот;
5. *Одлучи* да овозможи за Комитетот, без предрасуди кон меѓувладиниот процес на Генералното собрание за зајакнување и подобрување на ефективното функционирање на системот на договорот за човекови права, два состаноци на годишно ниво за работната група, а би траеле секој по една недела, започнувајќи во 2013 година, со учество на најмногу шест члена на Комитетот, и истите да се одржуваат по секоја

## Активности на Обединетите нации

од двете сесии на годишни ниво на Комитетот, со цел да се осигура најефикасната и најефективна корист од годишната сесија за да се овозможи време за разгледување на дополнителни извештаи;

6. *Исто така одлучи* да овозможи за Комитетот, без предрасуди кон меѓувладиниот процес на Генералното собрание за зајакнување и подобрување на ефективното функционирање на системот на договорот за човекови права, дополнителни две недели, кон веќе постоечките две недели, за состанување секоја година, започнувајќи од 2014 година;

7. *Го поздравува* извештајот на Генералниот секретар и преземените активности во поддршката на Конвенцијата;

8. *Ја охрабрува* меѓуагенциската група за поддршка на Конвенцијата за правата на лица со попреченост да продолжи со својата работа во вклучување на Конвенцијата во редовните текови низ системот на Обединетите нации преку својата стратегија и план за активности, одобрени во 2010 година, и го повикува Одделот за економски и социјални работи при Секретаријатот и Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права при Обединетите нации да продолжат во зајакнување на нивната соработка во овој поглед;

9. *Го поканува* Генералниот секретар да ги зајакне напорите во помагањето на државите да станат потписнички на Конвенцијата и Факултативниот протокол, вклучувајќи и преку обезбедување на помош со цел постигнување на универзално почитување;

10. *Бара* од Генералниот секретар да продолжи со прогресивната имплементација на стандардите и насоките за пристапност на објектите и сервисните служби на системот на Обединети нации, земајќи ги во предвид релевантните одредби од Конвенцијата, особено при реновирања, вклучително и времени аранжмани;

11. *Исто така бара* од Генералниот секретар да преземе понатамошни активности за промовирање на правата на лицата со попреченост во системот на Обединетите нации во согласност со Конвенцијата, вклучувајќи и задржување и регрутирање на лицата со попреченост;

12. *Бара* од агенциите и организациите на Обединети нации, и ги поканува меѓувладините и невладините организации, да продолжат со зајакнување на напорите што ги преземаат за ширење на пристапни информации за Конвенцијата и Факултативниот протокол, вклучувајќи за деца и млади лица, да го промовираат нивното разбирање и да им помагаат на државите потписнички во имплеменирањето на нивните обврски согласно овие инструменти;

13. *Бара* од Генералниот секретар да поднесе извештај пред Генералното собрание на неговата шеесет и девета сесија во однос на статусот на Конвенцијата и Факултативниот протокол и за имплементацијата на ова резолуција.

**Број на земји кои ја потпишале Конвенцијата: 168, и една регионална организација за интеграција**

**Број на земји кои го потпишале Факултативниот протокол: 91**

**Број на земји кои ја ратификувале Конвенцијата: 129, и една регионална организација за интеграција**

**Број на земји кои го ратификувале Факултативниот Протокол: 76**

**Последни ратификации и потпишувања:**
- **Ирак ја ратификуваше Конвенцијата на 20.03.2013 година**
- **Барбадос ја ратификуваше Конвенцијата на 27.02.2013 година**
- **Албанија ја ратификуваше Конвенцијата на 11.02.2013 година**
- **Сингапур ја потпиша Конвенцијата на 30.11.2012 година**



## Активности на меѓународно ниво

# Предизвици при имплементирање на развојните политики и програми за лицата со попреченост

Имплементирањето на развојните политики и програми за лицата со попреченост честопати се разбира како финансирање на специфични иницијативи насочени кон лицата со попреченост, наместо како применување на двоен пристап кој опфаќа, покрај специфичните интервенции насочени кон лицата со попреченост, зајакнување на лицата со попреченост, вклучување на лицата со попреченост во редовните развојни активности низ сите сектори, и обраќање кон општеството да ги отстрани препреките кои преовладуваат во ставовите, во културата, комуникацијата и физичките бариери за инклузија. Креаторите на политики и спроведувачите на политики, соодветно на ова, честопати ја гледаат "темата попреченост" како да опфаќа финансирање на одреден број на специфични проекти насочени кон лицата со попреченост. Постои многу ниска свесност за бариерите кои ги блокираат лицата со попреченост да имаат пристап до образование, здравство, вработување, што води кон развивање на соработка која не е пристапна и инклузивна за лицата со попреченост.

Социјалната исклученост со која се соочуваат лицата со попреченост, честопати ги прави нив и нивните семејства невидливи во иницијативите наменети за развој на заедницата. Без активен повик кој ќе ги вклучи и нив, тие остануваат надвор од иницијативите за развој; во тој случај иницијативите за развој ја зголемуваат бариерата помеѓу лицата со попреченост и нивните семејства со нивните врсници без попреченост.

Многу иницијативи за развој од глобално (Милениумски развојни цели) на локално ниво се планираат и се раководат од севкупните цели за опфатот и опсегот (на пример, проценти за население што треба да се опфати), без специфични показатели и расчленети податоци за исклучени групи, како што се лицата со попреченост. Во ваков случај, успех може да се покаже дури и без опфаќање на лицата со попреченост.

Покрај предрасудите, недостига и знаење и капацитет на чинителите во развојот на соработката, со цел ефективно да се вклучат лицата со попреченост во развојните стратегии, политики и програми во сите фази.

Недостигот на национални развојни стратегии за вклучување на попреченоста во земјите во развој води кон нивно занемарување кај поддршката од донаторите, а кои се во голема мера поврзани и хармонизирани со оние што се усогласени со меѓународната агенда за помош во ефективноста. Политички гледано, во многу земји попреченоста се смета исклучиво како прашање со кое треба да се занимава Министерството за социјални работи, наместо тоа да претставува прашање кое ќе биде вклучено во сите развојни програми и политички дебати.

## Активности на Обединетите нации

# Предизвици при имплементирање на развојните политики и програми со особен осврт на жени со попреченост

Пристапот заснован на човекови права носи промена во парадигмата во развојот; со тоа се отвора патот нанапред кон постигнување на еднакви економски и социјални права за лицата со попреченост, особено за младите жени со попреченост. Со цел да се карактеризира успехот на било кое движење, најдобриот начин е да се набљудува исходот и придонесите од клучните чинители во процесот на создавање промени. Прегледот на најдобри практики во движењето за попреченоста во изминатата деценија открива како пристапот заснован на човекови права ги зајакнал организациите на лицата со попреченост, Обединетите нации, владините и невладините организации и дава јасна визија преку преточување на начелата од меѓународна декларација во права и практични пристапи за да се води подобра анализа и сопственост на локалната заедница. Понатаму, пристапот заснован на човековите права обезбеди влијание врз зајакнувањето на учеството на жените во различни национални и меѓународни форуми и преку мобилизирање на женските групи околу слоганот "Ништо за нас – без нас!" што ја означува неделливоста на правата на жените со попреченост од универзалните човекови права.

## Активности на Обединетите нации



Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост која беше усвоена во декември 2006 година го нагласува и го зацврстува правното и политичкото признавање на попреченоста како прашање за човековите права. Оваа Конвенција е намената да ги заштитува и брани лицата со попреченост од специфични ризици и ранливи ситуации што тие ги искусуваат во сите аспекти.

Понатаму, овој меѓународен инструмент за човекови права е првиот од овој вид кој вклучува самостоен член за жените со попреченост. Со членот 6 државите потписнички признаваат дека жените и девојките со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација, и во тој поглед ќе преземаат мерки за да обезбедат целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за нив.

Државите потписнички ќе ги преземат сите соодветни мерки за да го обезбедат целосниот развој, унапредување и зајакнување на жените, со цел да им се гарантира практикувањето и уживањето на човековите права и основни слободи кои се поставени во Конвенцијата.

Конвенцијата бележи “промена во парадигмата” во оддалечувањето од традиционалните ставови за “заштита” и “социјална помош“ за да ги смета лицата со попреченост како носители на права кои се способни да ги бараат тие права.

Покрај тоа, рамката на Конвенцијата на ОН го намали широкиот опсег на права во минимален сет на основни потреби, што пак влијаеше на вклученоста на женските права во Милениумските развојни цели, па затоа потребно е да се премости празнината во однос на писменоста, правни знаења и политичко учество од обичните млади жени со попреченост. Сепак, скорешните случувања ја предлагаат потребата од фокусирање на права не само што носат, туку и ги одржуваат промените.

Покрај сите овие позитивни примени на пристапот заснован на права во врска со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, беше критикувано дека не ги вклучило гласовите, искуствата на обичните жени, што води кон понатамошна маргинализација.

На крајот, загриженостите во однос на правата на жените со попреченост кон развојот преку усвојување на пристап заснован на права бараат директно вклучување на лицата со попреченос,т особено млади жени со попреченост кои се соочуваат со дискриминација, повреди и злоупотреби во нивното секојдневно живеење.

Економските состојби, културите и религиите имаат суштинска улога во животот на жените особено во јужна Азија, и ги зголемуваат можностите за работа на жените и грижа за децата, насилство врз основа на пол, трговија, детски труд.

Постои широк опсег на организации на лица со попреченост кои успеале во промовирањето на правата на жените во општества каде доминираат мажите, и со тоа ја зајакнале способноста на женските групи да имаат влијание на национално и на регионално ниво за да се обезбеди имплементација на човековите права како права на жените.

*Канцеларија на Високиот Комесар за човекови права при ОН*

## Активности на ЕАСПД

# Реакција на ЕАСПД за Пакетот за социјални инвестиции

**На 20-ти февруари, Европската комисија го објави Коминикето за пакетот за социјални инвестиции за раст и кохезија (СИП), камен темелникот од оставината на Андора. Оваа иницијатива претставува придонес за постигнување на целите од ЕУ 2020 за социјална инклузија и вработување преку поефикасна употреба на социјалната инвестиција. Во времиња на зголемени потреби и ограничени ресурси, согласно СИП, едноставно, насочено и условно социјално инвестирање е решението.**

**“ЕАСПД со задоволство може да забележи дека во овие времиња на штедливост, сепак Комисијата се врти кон концептот на социјална Европа, признавајќи дека социјалната кохезија и борбата против социјалното исклучување се во срцето на Европската унија” вели Franz Wolfmayr, претседател на ЕАСПД “сепак, повикот за поголема условност и насоченост е загрижувачки, ризикува да противречи на холистичкиот пристап кој е промовиран од ЕАСПД, исклучувајќи некои категории од поддршка. Ние ќе ја следиме имплементацијата на СИП осигурувајќи дека долгорочните сервисни служби за лица со попреченост и нивните семејства ќе бидат вклучени и поддржани со стратегијата”.**

Со цел да се осигура имплементацијата на пакетот, раководењето на ЕУ ќе биде зајакнато и главните финансиски инструменти ќе бидат Европските структурни и инвестициски фондови, а особено Европскиот социјален фонд. Luk Zelderloo, Генералниот секретар на ЕАСПД, укажува дека тоа е потребно и добредојдено, но не е доволно кога, од другата страна, ЕУ повикува на фискална консолидација, што често води до намалувања во социјалните трошоци.

“Доказите покажуваат дека мерките за штедење имаат сериозни последици врз расположливоста, достапноста во цени и пристапноста на сервисните служби и врз квалитетот на живот за лицата со попреченост. Посакуваме, преку зајакнување на интрументите за управување, како што се “Европскиот семестар” и Отворениот метод на координација, да се придонесе за избегнување на кратењата во социјалните буџети на национално ниво, но тоа може и да не е доволно. Ќе продолжиме со дебатите за структурна поддршка на нашиот сектор.”

СИП исто така се осврнува на креирањето на потенцијал на работни места во социјалниот и во здравствениот сектор. Нашиот сектор е голем извор на вработувања, но се соочува со намалувања на персоналот поради недостиг од одржливо финансирање и праведни работни услови. Европа има улога во зголемување на атрактивноста на нашиот сектор и тоа може да се спроведе преку подобрување на инструментите за социјален дијалог на национално и на европско ниво.

ЕАСПД е подготвена да соработува со цел да се обезбеди правилна имплементација на СИП и структурна поддршка за сервисните служби за лицата со попреченост, што е витално за поинклузивна Европа!

Во изминатиот период Европската комисија издаде две значајни публикации за нашиот сектор. Одделението за вработување го издаде пакетот за социјални инвестиции, поставувајќи рамка за реформи во политиките со цел подобрување на одржливоста на социјалната заштита, во инвестирањето во вештините на луѓето и нивните капацитети, и да се поддржат луѓето низ критичните моменти во текот на нивните животи.

Пакетот за социјални инвестиции претставува интегрирана рамка за политики, во кои се обрнува внимание на социјалните, економските и буџетските разлики помеѓу државите членки на ЕУ. Овој пакет се фокусира на:

- **Обезбедување дека системите за социјална заштита соодветствуваат на потребите на лицата** во критичните моменти на нивните животи. Треба уште многу да се стори за да се намали ризикот од социјален колапс и да се избегнат поголемите социјални трошоци во иднина.
- **Поедноставени и подобро насочени социјални политики**, да се обезбедат соодветни и одржливи системи за социјална заштита. Некои земји имаат подобри социјални резултати отколку другите и покрај тоа што имаат слични или пониски буџети, а со тоа покажуваат дека постои простор за поефикасно трошење во однос на социјалните политики.
- **Надоградување на активните стратегии за инклузија во државите членки**. Квалитетна и достапна со цена детска грижа и образование, превенција од рано напуштање на училиштето, обука и помош при барање работа, поддршка за домување и пристапна здравствена грижа се области во политиките кои имаат силна димензија за социјални инвестиции.

Европската комисија ги повика државите членки да ги проиретизираат социјалните инвестиции и да ги модернизираат социјалните системи. Тоа значи подобра изведба на активните стратегии за инклузија и поефикасна и поефективна употреба на социјалните буџети.

# Одбележување на светскиот ден на Даунов Синдром 2013 година

**Светскиот ден на Даунов синдром, 21-ви март, е глобален ден за подигнување на свеста, кој дава можност да се говори за правата, вклучувањето и добросостојбата на лицата со Даунов синдром.**

Од 2006 година Светскиот ден на Даунов синдром се одбележува во 60 земји низ светот. Оваа година се одбележува 8-мата годишнина од Светскиот ден на Даунов синдром. Во декември 2011 година, пак, Генералното собрание на ОН го прогласи 21-ви Март како Светски ден на Дауновиот синдром, со резолуцијата 66/149. Генералното собрание на ОН одлучи, со започнување од 2012 година, да се одбележува Светскиот ден на Даунов синдром на 21-ви март секоја година, и ги повикува сите држави членки, релевантни организации на системот на Обединети нации и други меѓународни организации, како и граѓанското општество, вклучително и невладини организации и приватниот сектор, да го одбележуваат Светскиот ден на Даунов синдром на соодветен начин, со цел да се подигнува јавната свест за Дауновиот синдром.

Во одбележувањето на овој ден, се одржа конференција на 21 март 2013 година во седиштето на Обединетите нации во Њујорк. Целта на конференцијата беше да се изгради свест за вработување на лицата со Даунов синдром. За време на конференцијата на лицата со Даунов синдром им беше дадена можност да ги споделат нивните очекувања од вработувањето и нивните искуства, но и да покажат како е тоа поврзано со нивните основни човекови права.



Правото на работа е основно човеково право, кое придонесува за развојот на лицето и вклучувањето во заедницата. Во подигнувањето на јавната свест за прашањата околу вработување на лица со Даунов синдром, оваа конференција беше во согласност со членот 27 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, во која се признава правото на сите лица со попреченост да работат на еднаква основа со другите.

Генералниот секретар на Обединети нации Бан Ки-мун истакна дека денот нуди можност за да потврдат правата на лицата со Даунов синдром и да се осигура дека тие се вклучени во сите аспекти на општеството. "Секој од нас треба да им овозможи на децата и лицата со Даунов синдром целосно да учествуваат во развојот и во животот на општеството на еднаква основа со другите. Во работниот живот, стереотипите за лицата со Даунов синдром често значат дека им се ускратени можности за работна обука и на нивното право на работа. Во политичката и јавната сфера, на лицата со Даунов синдром и други лица со интелектуална попреченост често пати им е ускратувано правото да гласаат и целосно да учествуваат во демократскиот процес."

## Одбелжување во Македонија

Поттикнати од мотото на Глобалниот настан, во Македонија фокусот на кампањата за подигнување на јавната свест беше ставен токму на вработувањето. Од 21-ви до 23-ти март 2013 година, лица со Даунов синдром имаа можност да работат неколку часа во три од најфрекфентните супермаркети во Скопје. Во исто време, една група на млади лица со Даунов синдром делеше брошури и примероци од нивни креативни изработки. Преку овие активности се надеваме дека ќе се подигне свеста за способностите на лицата со Даунов синдром и ќе се поттикне корпоративната социјална одговорност, велат од Трисомија 21 – Скопје. Воедно, оваа организација реализираше и јавна трибина на тема вклучување на лицата со Даунов синдром, во соработка со Институтот за дефектологија.

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Одбележување на Денот на пролетта

Во рамки на традиционалното одбележување на Денотна пролетта и екологијата, на 22.03.2013 година, Секторот за заштита на животната средина и природата при Град Скопје, под покровителство на Градоначалникот на Град Скопје, организираше низа активности во Зоолошката градина – Скопје.



Програмата се состоеше од : настап на Градскиот дувачки оркестар, настап на фолклорната група од Детскиот културен центар Карпош, засадување на цветна алеа и листопадни и зимзелени садници, час по зоологија за ученици од основните училишта, креативна работилница и прошетка низ Зоолошката градина.

Корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје зедоа активно учество на оваа манифестација засадувајќи една цветна алеа во Зоолошката градина и учествуваа во креативна работилница каде што изработија заеднички цртеж на тема “екологија и животна средина”.

# Активности со младите на Црвен Крст на Град Скопје



Во рамките на активностите за одбележување на Православна нова година, во дневниот центар - ПОРАКА Скопје беше организирано заедничко кршење на лепче со младите на Црвен крст на Град Скопје.

Активистите на Црвениот крст на Град Скопје донесоа лепче со паричка кое заеднички го поделивме и на тој начин го одбележавме денот.

Исто така на 20.02.2013 година дел од активистите го посетија дневниот центар и имаа заедничка работилница со корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје. Активностите со оваа организација продолжуваат и во иднина.

# Натпревар на фудбалската репрезентација на Македонија

Со цел активно вклучување во сите аспекти на секојдневното живеење, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје присусутвуваа на пријателскиот фудбалски натпревар помеѓу репрезентациите на Македонија и Данска.



Натпреварот се одржа на 06-ти февруари на Националната Арена “Филип II Македонски”. Влезниците за натпреварот беа обезбедени благодарејќи на спортскиот новинар Тони Стојановски и Фудбалската федерација на Македонија. На натпреварот присуствуваа 10 корисници од дневниот центар придружувани од 2 ангажирани лица и неколку родители. Во текот на натпреварот можевме да ја почувствуваме вистинската атмосфера на еден натпревар како и позитивните емоции од постигнатиот успех на нашата репрезентација.

# Спортување во О.У.”Љубен Лапе”

Соработката со О.У. “Љубен Лапе” продолжува и понатаму. Како и неколку години наназад во текот на зимскиот период можноста за рекреација и спортување во овој период ни ја овозможува токму ова училиште обезбедувајќи ни да ја користиме нивната фискултурна сала еден ден во неделата. Уште еднаш што да кажеме освен голема благодарност до ова училиште.

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# На хокеарското игралиште во СРЦ “Борис Трајковски”

Со цел за развивање на спортскиот дух и вклучување во спортско – рекреативните активности, во зимскиот период го посетивме Спортско -рекреативниот центар “Борис Трајковски”, поточно терените за хокеј.

Овде имавме можност да се запознаеме подобро со еден од зимските олимписки спортови – хокеј на мраз. Исто така се запознавме и со опремата која што ја носат хокеарите и за момент можевме и самите да бидеме дел од оваа игра и да ја почувствуваме магијата на овој спорт. Во секој случај, тоа беше незаборавно искуство за корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје, кое се надеваме дека ќе го повториме.





## Преземен текст од Радио Слободна Европа од 26.02.2013 година

# Реканскиот крај ќе се промовира со еко храна

**Реканскиот регион изобилува со производи кои ги нема во друг крај, а токму тоа може да придонесе за забрзан развој на туризмот, особено на селскиот.**

Дебарско – реканскиот регион изобилува со многубројни видови производи кои ги нема во другите региони на Република Македонија, но и пошироко. Овие производи треба да се промовираат со што ќе се овозможи и промовирање на овој убав регион од нашава земја. Оваа оценка е изнесена на средбата што љубителите на природните еко производи и здравата храна ја одржаа во Долнореканското село Јанче.

“Нашиот регион изобилува со квалитетни и ретки природни плодови. Чистите пасишта и трева, но и бројните шумски билки и плодови се вистинско богатство кое ни го дала природата. Дивите јагоди, костењето, оревите, бројните шумски чаеви треба да се искористат за подготвување здрава храна. А овде ја има. Тука е традиционалното сирење и други традиционални производи за кои сите знаат дека се од нашиот регион. Ова дава можност да се промовираат како производи од нашиот регион”, вели Тефик Тефиковски, координатор на меѓународното здружение “Тера мадре” кое делува во регионото на Река и Дебар и во други делови од нашата земја.Според него, наскоро ќе се одржи и регионална средба со здруженијата на сточарите и земјоделците и ќе се најави реализација на проект за заштита и брендирање на производите и јадењата од овој регион. Оваа област има ретки производи и плодови за кои интерес покажуваат не само домашните туку и странските туристи кои го посетуваат регионот по долината на реката Радика. Ова дава гаранции за забрзан развој на туризмот особено селскиот и здравата храна во регионот.



На средбата учествуваа и педесетина лица со посебни потреби од дебарското здружение ПОРАКА. Овие лица наскоро ќе се вклучат во еден проект за зголемување на едукацијата на населението и тие лично ќе подготвуваат храна од еко-производи заедно со угостителите од регионот, карактеристична за овој регион.

“Се надеваме како здружение дека од проектот во кој ќе се вклучат и членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар ќе има ефекти. Да се членува во вакви здруженија и да си активен во насока на заштита на природните плодови е голема работа”, нагласува претседателот на здружението “ПОРАКА” во Дебар, Беким Аме.

Претставниците на здружението “Тера Мадре” нагласуваат дека сепак во регионот неопходно е да се посвети внимание на едукацијата на населението за начинот на собирањето на плодовите кои ги дала природата, со цел тие да не се оштетуваат.

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

# Работилници со членовите на Црвен крст од Радовиш

Соработката на општинската организација на Црвен крст од Радовиш со корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш продолжува континуирано да се спроведува.

Во договор со активните членови на Црвен крст беше реализирана една интерактивна работилница за усвојување на вежби за помош и самопомош при повреда или скршеница на екстремитетите, повреда од пожар, заштита од опасност од струја и како треба секој да се однесува во за него/неа нови и опасни ситуации без да се повреди себеси или некој друг. Иако сите овие работи се застапени во секоја индивидуална програма за работа со корисниците и се разговара на таа тема, сепак преку оваа работилница членовите на Црвен крст многу вешто им покажаа, преку практични вежби, како треба да се заштитат. За да се создаде атмосфера на доверба, на почетокот секој се претстави кажувајќи ја приказната за своето име, како е добиено, потеклото и значењето на името.

Посебно задоволство претставуваше да се види одличната меѓусебна комуникација и соработка на сите присутни, каде секој учествуваше како модел или презентер во импровизираните опасни ситуации.

Исто така, волонтерите на Црвен крст своите завршни активности од реализација на проектот ,,*Од срце за срце- од човечност до хуманист”* ги реализираа во пресрет на потребите на корисниците на Дневниот центар -ПОРАКА. Со повеќе хумани акции во претходните три месеца и благодарение на хуманоста на учениците од двете основни училишта во нашиот град, кафе-барот “Escape”, ресторанот “Амбасадор” и граѓаните на општина Радовиш, беа собрани финансиски средства, кои потоа беа наменети за купување на саксии, цвеќиња и ѓубре за расадување на цвеќињата.

На 07.03.2013 год се одржа работилница со волонтерите на Црвен крст и корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш, која опфати садење и пресадување на цвеќиња со цел да се освежи



просторот и да се воведе нова активност - цвеќарство. Се создаде една навистина работна атмосфера за големо задоволство на сите со надеж дека она што го посадивме ќе успееме да го оддржиме . Исто така, со дел од собраните средства ни беше донирана правосмукалка за одржување на хигиена на просторот за што сме сите благодарни.



# Работилница со ученици од ОУ “Никола Карев”

Учениците од осмите одделенија од ОУ “Никола Карев” од Радовиш изразија сопствена иницијатива за насочување на собраните средства од новогодишниот училишен маскенбал кон потребите на корисниците на Дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.

Во заеднички договор со нивната директорка и дел од наставниот кадар одлучивме дел од тие средства да се употребат за купување на прехрамбени продукти, а дел за материјали за работа (пластелин, глинамол, боици). Воедно се договоривме со купените материјали за работа да реализираме една креативна работилница со корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш. На оваа работилница се изработуваа предмети од најразлични материјали со божиќна и новогодишна содржина. Корисниците на дневниот центар имаа можност да научат да изработуваат некои нови творби заедно со поголем број на ученици, директорката и дел од наставниците од ова училиште.

Ваквите активности на учениците насочени кон правење хумани дела заслужуваат посебно внимание и почит и се надеваме дека ќе продолжат и понатаму.



## Продолжува соработката со бизнис секторот во Радовиш

# Донација од рудникот ”Бучим”

Рудникот “Бучим” на чело со директорот г-дин Николајчо Николов повторно изразија иницијатива да обезбедат донација за потребите на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш, овој пат во вид на два плакари: еден гардеробер за сместување на гардеробата на корисниците и сите оние кои добронамерно би нé посетиле, и еден плакар во делот за хортикултура за сместување на материјалите за работа.

Исто така, г-дин Николов и оваа година ја продолжи традицијата да го прославува својот роденден со корисниците на дневниот центар и да ги почести со роденденска торта и подароци. Тој за време на посетата истакна “Ние како стопанственици имаме обврска да помагаме не само во колективите каде што работиме, туку и на сите оние кои имаат потреба од помош“.

Посетата на г-дин Николов на корисниците во дневниот центар секогаш причинува посебна радост.



Неговиот пример е поттик за останатите стопанственици да прават хумани дела.Упатуваме голема благодарност од корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш и нивните семејства за донацијата и за вниманието кон нивните деца.

## Активности на социјалните клубови во Кавадарци и Гевглеија

# Активности по повод Божиќ

Членовите на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија 2013 година ја започнаа со благослов од свештеникот на католичката црква, Митко Ташев. Во клубот на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Гевгелија свештеникот на сите лица со интелектуална попреченост им подели од Божикната погача со паричка и ги почести по повод верскиот празник. Паричката оваа година се падна во Господ, па сите беа радосни затоа што 2013 година ќе биде среќна за сите. Воедно, се запознаа и со, сега, најмалиот член на социјалниот клуб, осумгодишниот Ѓеорѓи, син на свештеникот.

По завршувањето на дружењето во клубот, свештеникот ги покани присутните да ја посетат католичката црква и да ја погледнат поставената сценографија, односно местото каде е роден Исус



Христос. Таму сите се помоливме и запаливме свеќи за здравје, а свештеникот ни раскажа за Христовото раѓање.

# Традиционална средба по повод Христовото раѓање

Како и претходните години, така и во 2013, ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци ја задржа традицијата, па во почетокот на првиот месец од годината отпочна со подготовките за организирање средба по повод Христовото раѓање. Вештите раце на една од мајките за оваа прилика, во домашни услови подготвија специјалитет препознатлив за Тиквешкиот крај, познат под името теганици.

Годинава побаравме да ни подготват лепчиња за сите членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци што присуствуваа на средбата, но и во секое лепче да има паричка. На ова се одлучивме со цел да овозможиме секој да ја почувствува радоста при кршењето на лепчето и откривањето на паричката. Да почувствуваат дека за сите нив годината ќе биде бериќетна, дека ке ги следи среќа и ќе им се случуваат убави нешта. Кога членовите ги видоа паричките во своите лепчиња, радоста среќата и задоволството беа видливи.



# Наша Страница

## Продолжува соработката со Факултетот за ликовни уметности - Оддел Вајарство

Соработката со Факултетот за ликовни уметности – Оддел Вајарство, која започна пред две години и се покажа како многу корисна, продолжува и во текот на оваа година, на обострано задоволство.
Како и претходните години, корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Скопје беа вклучени во креативни работилници со студентите од овој факултет.





Работилниците се одржаа во просториите на факултетот, а се состоеја од изработка на разни украсни фигури од глина и хартија, преку техниката наречена каширање. Изработените декорации беа поставени како изложба во просториите на факултетот.



Убедени дека соработката ќе продолжи во иднина, упатуваме голема благодарност до сите кои овозможија и придонесоа за успешна реализација на овие активности.

ISSN 0350-5863